# ПОЛИТИКИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА РЕАЛНОСТ ИЛИ ИЛУЗИЈА???

## ❖ ОД НИШТО ДО НЕШТО

Овој текст се **фокусира** кон политиките за Ромите, предизвиците и можностите кон кои институциите треба да се прилагодат и да ги искористат. Оправданоста на дискусијата во овој текст потекнува од тоа што веќе трета година овие политики не продуцираат опипливи резултати или поинаку кажано **нема имплементација на политиките за Ромите**. Целта на текстот е да предложи конкретен пристап за надминувањето на овој проблем, дотолку повеќе што имплементацијата на политиките за Ромите ќе значи придобивање на позитивни поени во евро-интеграциските процеси на Македонија.

Од осамостојувањето на Република Македонија на почетокот на 90-тите па се до 2003 година мнозинските политички партии кои доаѓаа на власт немаа политики или посебен однос/внимание кон потребите на ромската популација. Првите 15 години транзиција на македонското општетство ги карактеризира целосна **индиферентност** на системот кон ромското прашање, однесување кое воглавно ги игнорираше потребите и на другите помали етнички заедници во државата. Иако законодавците на сиот глас аргументираа дека сите политики подеднакво ги третираат или адресираат потребите на сите македонски граѓани сепак заборaваа дека во реалноста етничките заедници имаат специфични потреби и различни стартни позиции од оние на мнозинството за да имаат бенефит од мајоризираните политики.

Поттикната од иницијативите на Светска Банка и Институтот Отворено Општество на George Soros во текот на 2003/2004 година, Владата на Македонија се приклучи на процесот наречен Декада за Инклузија на Ромите (Декада). Во исто време, поради аспирациите на државата за влез во Европската Унија (ЕУ), паралелно се градеше Национална Стратегија за Ромите (НСР). Веќе во Јануари 2005, Македонија имаше политика за Ромите, процесирана низ парламентарната Комисија за Односи на Заедниците, а усвоена на владина седница. Претходно беа

финализирани Националните Акциони Планови (НАП) во рамките на Декадата и на крај за истите беа обработени Оперативни Планови за периодот 2006-2009 година. Сите овие процеси вродија надеж кај Ромите дека системски ќе се решаваат долгогодишните проблеми на ромската заедница. Ова е пред сé поради фактот дека двата процеса беа водени транспаретно и со задоволително ниво на консултации со ромските политички и НВО структури. Декадата за вклучување на Ромите беше официјално лансирана во април 2005 година и очигледно предизвика атрактивно внимание во целата македонска јавност.

Ако ги анализираме досегашните јавни политики, усвоени како стратегии во неколку сектори, ќе дојдеме до заклучок дека скоро сите имаат заеднички именител - **инфертилност.** Почнувајќи од Стратегијата за намалување на сиромаштијата, Националната Стратегија за млади, Националниот Акционен План за Вработување, Стратегијата за образование и претходно спомнатата Стратегија за Ромите,[1] политичките елити и досегашните влади на Македонија, манифестираат **летаргичен** однос кон политиките кои имаат подолг временски карактер. **Дисконтинуитетот** во сите стратегии е производ на **промените на власта,** при што секоја нова власт го **дерогира** претходно направеното, и од **опортунизмот** на политичките елити за делување преку **дневно-политички настапи** во јавноста на кратки патеки. Но сепак ако истите политики ги споредиме со политиките за Ромите, се идентификуваат очигледни разлики во пристапот и уравувањето на овие долгогодишни политики.

Веќе трета година овие политики не продуцираат опипливи резултати или поинаку кажано **нема имплементација на ромските политики**. Сé застана со усвојувањето на стратешките и акциони планови и се чини дека Владата не посветува доволно **внимание** и ресурси за политиките за Ромите, **обврските** кои произлегуваат од овие политики. Исто така, Владата не размислува за тоа каков и колкав **бенефит** би донела нивната успешна реализација по однос на евро-интеграциските процеси.

[1] По предлог на тогашниот министер на МТСП, Јован Манасиевски, Владата на РМ ги усвои Националната Стратегија за Ромите и 4 Национални Акциони Планови за Декадата. Бидејќи двата документи се совпаѓаат еден со друг донесена е одлука да НАП бидат дел на НСР, така да текстот некаде го наведува едниот или другиот документ, што во суштина е иста политика за Ромите

Засега, целиот процес околу системските политики на Македонија кон Ромите личи на **фама** која е еднаква на **оптичка илузија**. За да илузиите бидат поголеми владите на Македонија продолжуваат со **декларативното** искажување на **политичка волја** без конкретен ангажман по однос на зацртаните политики и планови за интеграцијата на Ромите во Македонија. Сосема спонтано, кај ромската популација **надежите** и очекувањата достигнаа **максимум** во текот на 2005 година, со верба дека конечно Ромите ќе имаат соодветен респект, внимание и место во политиките на системот. Веќе следната 2006 овие надежи се претворија во **разочарување** и денес се повеќе се гледа **со целосна недоверба** дека институциите навистина имаат искрени намери да се ангажираат за своите ромски сограѓани. Вака спротивставените ставови помеѓу двете страни, доколку продолжат со ова темпо на разидување, се потенцијални иницијатори на продлабочување на меѓусебната недоверба и конфликт, со што негативно ќе се влијае во приближувањето на Македонија кон ЕУ. Очигледно е дека во моментот, вниманието и односот кон Ромите во Македонија **не соодветствува** на вниманието и мерките кои ЕУ ги превзема за интеграција на Ромите. Во блиското минато, такви отворени критики за неуспех со ромските политики добија Романија и Бугарија, кои мораа дополнително да се ангажираат во преостанатиот рок да ги завршат планираните реформи и мерки по однос на интеграцијата на Ромите.

### ❖ НЕШТО Е ИСТО ШТО И НИШТО

Република Македонија е демократска држава со мултиетнички карактер и единствена земја која Ромите ги препознава како уставна категорија на граѓани. Според Уставот на РМ легислативата на државата се заснива врз принципите на еднаквост, слободно изразување на национална припадност, слобода на мислењето итн. Со ова Уставот на Македонија ги гарантира правата на сите граѓани, а ова недвосмислено ги обврзува сите демократски избрани влади подеднакво да ги адресираат правата на граѓаните без разлика на нивната етничка и религиозна определеност. Но како по обичај, често се случува да има многу недостатоци и аномалии во спроведувањето на законите во пракса поради многуте различни фактори и интереси кои влијаат врз системот. Во теорија, државата функционира

преку почитување на пакетот на (уставни) закони и права, обезбедувајќи на тој начин воспоставување на ред и владеење на правото, во кои државата мора да практикува транспарентно однесување и сноси одговорност за своите одлуки. Сепак, многу малку, или ниту една државна политика не е сосема неутрална во нејзиното влијание врз различните етнички групи. Во повеќето случаи, државните политики се засноваат на произволно-субјективни одлуки, кои честопати резултираат со негативен ефект или дискриминирање на малцинствата. Дури и кога не носат одлуки за потребите на етничките групи властите повторно, со самото неадресирање, влијаат врз животот и стандардот на етничките заедници. Со тоа се доведува во прашање легитимитетот на власта токму поради нееднаквиот пристап и (не)приоритизирање на етничките потреби во својата политичка агенда.

На нашите влади им требаа над 15 години за да се сетат дека има потреба за адресирање на ромската проблематика преку посебни политики. Иако во неколку наврати НСР и Декадата беа јавно промовирани во текот на 2004 година, веќе во изборната 2006 година беше очигледно дека владата се помалку сака јавно да зборува на оваа тема. Сосема разбирливо, така беше поради претстојните парламентарни избори и претпазливост на власта за да се избегнат фрустрациите кај мнозинскиот електорат. Токму ваквиот однос на власта го покрева прашањето „Кој има легитимитет да креира малцински политики ? “ Мнозински избраните влади се секогаш внимателни кон своите избирачи, од кого најчесто добиваат мандат за да ги остварат интересите на мнозинството а во кои најчесто нема место за промоција на потребите на малите заедници. Токму ова се случи на Стратегијата на Ромите во 2005 и 2006 година, период во кој политичките елити предвремено влегоа во изборна кампања и ги заборавија сите за нив неприоритетни политики. Дополнително, врз ромските политики негативно влијаеше фактот што Ромите ги има многу малку во националните и локални институции, така да поради отсаство на процедури и структури за овие политики, неминовно дојде до целосна стагнација во фазата на имплементација на НСР и Декадата.

Минатата и оваа влада исто така пропуштија да и објаснат на пошироката јавност за природата и потребата на ромските политики во државата, и каков бенефит ова и носи на Македонија. Како главен креатор на јавното мислење

Владата секогаш треба да ги информира граѓаните и аргументира донесените политики и одлуки. Такво нешто за ромските политики се нема направено. Тоа беше повеќе од потребно поради фактот што политиките за ромската заедница беа градени преку процес од страна на формални (владини претставници) и неформални ( ромски НВОи, политички партии, експерти) креатори и дека процесот гарантираше градење на реално потребни и релевантни мерки за Ромите. Овој факт беше занемарен и целиот успех во процесот тогашната влада си го препиша на себе и поентираше пред меѓународната јавност, особено при добивањето на кандидатскиот статус за членство во ЕУ. Исто така власта во својата политичка агенда по формулирањето и усвојувањето ги запостави следните фази за ромските политики, како и тоа дека пред се сопственоста и одговорноста за имплементација во овие политики беше врз институциите на системот. Особено беше запоставен делот на воспоставување на финансиски механизми и алоцирање конкретни средства од буџетот на државата со нејасната одлука да самите ресорни министерства одвојат од своите буџети за ромските програми, знаејќи дека таму нема пари и дека Владата е таа која го одобрува годишниот буџет на институциите. Со неизлегувањето во јавноста на тогашната влада на СДСМ со јасен буџет за Стратегијата на Ромите се изгубија многу средства од меѓународните донори присатни во државата, кои чекаа изјаснување на државата околу финансирањето на овие политики за да и донорите ги вкрстат своите средства и помогнат во таа насока.

Поширокатa јавност, па и ромската популација, не е инфомирана од страна на институциите дека мерките кои се зацртани како ромски политики се позитивна акција односно имаат афирмативен карактер. Ваквата природа на политиките за Ромите потекнува од долготрајната исклученост и негрижа на нашиот систем да ги интегрира Ромите како сопствени граѓани во периодот од 1945 па се до 2004 година. Следствено на ова институциите имаат поткрепа во аргументирањето за потребата од посебно внимание кон Ромите, кои досега требаше јавно да се промовира во работата на одделни министерства.  При тоа треба отворено да се промовира афирмативниот пристап на ромските политики и специфично дистрибутивниот карактер на истите, поради пошироко разбирање и прифаќање од

мнозинството дека овие мерки се временски определени и неповторливи, со цел да се намали јазот на економско неравенство. Со тоа се избегнува натамошното играње на симболични политики од страна на политичките елити со ромската популација или пак прикривање на сопствените одлуки на владите од мнозинскиот електорат.

Сегашната владина коалиција има неколку опции или алтернативи како понатаму да продолжи во својот пристап кон политиките за Ромите. Секако дека една од опциите е да продолжи со сегашниот пристап и начин на однесување. Алтернативите се:

1. Усвоените документи да се развијат во конкретни таргетирани акции со алоцирање на човекови и финансиски ресурси
2. Усвоените документи да се вградат во севкупните политики во ресорните министерства (mainstreaming)
3. Третиот пристап е да се комбинираат претходните два начина на реализација, односно да се прави дистинкција помеѓу активностите кои бараат таргетирање и вклучување во општите политики на државата.

Според искуствата, третиот пристап е најсоодветен но исто така најсложен и бара повеќе ресурси и соодветен ангажман на повеќе нивоа во системот.

### ❖ НА РОМСКИТЕ ПОЛИТИКИ ИМ ТРЕБА СЕВКУПНОСТ

Адресирањето на било кој општествен проблем има потреба од сеопфатни анализи пред процесот на дизајнирање, како основен предуслов за реализација на планираното и постигнување на посакуваните промени и цели. Донесувањето или усвојување на политики/стратегии е полесниот дел од процесот додека потешкиот дел од работата останува на имплементирањето и предизвикување на посакувани промени. Следствено на ова, а според досегашната динамика на реализирање на мерките за интеграција на Ромите, институциите треба да направат конкретни логички чекори кои ќе произведат резултати и имплементација на политиките за ромската популација. За да стане домашен инструмент политиката на Декадата треба што **побрзо да се пренесе на локално ниво.** Преносот на овој процес од меѓународно на национално па на локално ниво е доста сложен и временски

ограничен, но од друга страна централната власт сеуште не покажува умешност или заинтересираност да го направи последниот чекор токму поради тоа што целиот процес на децентрализација доцни и е нов за актерите. Од друга страна префлањето на политики, мерки и ингеренции од едно ниво на друго бара адекватни структури и механизми, за кои може да кажеме дека соодветно ги нема и на централно и на локално ниво. Досега претходната и новата влада **немаат концепт** што и како да ги пренесат ромските политики на локално ниво.

Во рамките на системот Декадата и Стратегијата за Ромите се координирани од страна на МТСП во кој нема посебен оддел кој би работел на овие политики како посебна структура. При Владата на РМ е фомирано крос-секторско тело наречено Координативно Тело за имплементација на Националната Стратегија за Ромите и Декадата за вклучување кое воглавно има консултативен статус и повторно не влијае како структура врз реализацијата на ромските политики. Тоа значи дека МТСП и Координативното Тело повремено ги разгледуваат тековните процеси за Ромите, но во меѓувреме имаат многу други тековни приоритети поврзани со нивните секојдневни обврски. Понатаму, координирањето помеѓу министерствата е исто така слаба точка во процесот и истото се пресликува во координирањето и соработката со ромските политички партии и граѓанскиот сектор. Од сето наведено станува очигледно дека во нашиот систем **нема соодветна структура** која треба да дава инпут и иницијативи за прогресот на политиките за Ромите. Немањето структура исто така предизвикува да се **немаат соодветни механизми и процедури**, кои се повеќе од потребни за да ги регулираат односите меѓу засегнатите страни, лоцирањето на одговорноста и правовременото реализирање на зацртаните активности. На крај, обичниот Ромски граѓанин има многу дилеми, кои се еднакви на конфузија, затоа што се губи во лавиринтите на системот токму поради овие **недоискажани механизми** и **немањето тело кое перманентно раководи** со ромските прашања, место каде што ромските организации или поединци би се обратиле за своите потреби. Ако на ова додадеме дека вработените во јавната администрација сеуште недоволно ги познават приликите и проблемите на ромската заедница, при тоа раководејќи се со крутите бирократски процедури, станува јасно зошто во Македонија нема

имплементација и видливост дека политиките за Ромите се соодветно решение во нашата држава.

За да се постигне ефикасност и ефективност, сегашните системски политики за Ромите имаат потреба за ургентно **ревидирање и надполнување** со сегментите кои недостигаат или се пропуштени во првите две фази на формулирање и усвојување. При тоа ревизијата не треба да значи концепциски или содржински промени, туку треба да се допрецизираат или одстранат недоискажаностите на одделни делови во политиките. Најважно е да целиот систем на политики за Ромите има **сопствени механизми и на нив соодветни структури**, кои понатаму ќе се инкорпорираат и координираат со севкупните политики и институции на системот. Веќе е спомнато дека е од примарна важност политиките за Ромите слезат на локално ниво, за кој треба посебен ангажман и регулаторен механизам кој ќе го насочува целиот процес. При тоа мора да се земе во предвид дека во повеќето локални институции нема соодветна претставеност на Ромите и дека има потреба од **системско фаворизирање** на ромските приоритети на локално ниво преку разни дотации или субвенции, дури и даночни олеснувања како мотив повеќе за локалните економски и социјални актери. Во тој смисол, ако се остават политиките за Ромите без горе наведените структури и механизми, знаејќи го слабото економско и политичко влијание на Ромите на локално и национално ниво, целосно ќе се намалат шансите за успех и прогрес на целата ромска популација, со што ќе се потврдат сомневањата дека нашиот систем нема желба да ја намали сиромаштијата и дека претендира кон натамошно раслојување на своите граѓани врз основа на етничка, економска и социјална припадност.

**На Владата на РМ и Националниот Координатор за спроведување на НСР и Декадата се препорачува превземање на следните приоритетни мерки:**

1. **Формирање на административно / оперативна канцеларија за имплементација, координација, прибирање фондови и информирање**
2. **Да воспостави финансиски инструменти – алоцирање средства од државен буџет**
3. **Правила и процедури за работа на постојните и идни тела кои делуваат врз политиките за Ромите**
4. **Формирање на систем за мерење и известување на прогресот (показатели, остварени цели, расчленети податоци, транспарентно известување)**

## 5. Системска децентрализација на процесите – од централно на локално ниво, со вклучување на ромската заедница во сите нивоа

Сегашната влада и секако идните, треба да ја искористат постојната рамка и ангажман на европските институции за ромското прашање. Особено внимание треба да се посвети на делот на абсорбирање и менаџирање на европските фондови, процес кој треба што поскоро да се финишира за да потенцијалните човекови капацитети се структуираат во таа насока. Секако дека ромската заедница има потенцијали за такво структуирање, кои во комбинација со познавањето на проблемите на сопствената заедница, приоритетите и крајните посакувани резултати ги креираат основните предуслови за успех на ромските политики. При тоа, гаранциите и одговорноста за овие политики ќе бидат споделени помеѓу институциите и ромските структури, кои ќе делуваат во континуитет и координирано со меѓународните и домашни политики/институции. Најголемиот предизвик е успешното балансирање на нашата држава помеѓу иницијативите на ЕУ и Светска Банка (Декадата) нивно искористување со соодветен финансиски и човеков ангажман.

Мај 2007

Авторот на текстот е Извршен Директор на Асоцијација за Демократски Развој на Ромите „Сонце“ од Тетово и делегиран претставник на ромските НВОи за член на Националното Координативно Тело за имплементација на Националната Стратегија за Роми и Декадата за Вклучување на Ромите во Македонија од 2004 година.
Контакти: АДРР Сонце П Фах 159, 1200 Тетово
Тел: 044 352 390
Факс: 044 352 391
Е-маил: khamnrp@mt.net.mk